**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Деветтото продолжение на Осумдесет и третата седница на Собранието на Република Македонија,**

**одржана на 16 октомври 2001 година**

Седницата се одржа во сала 1 во Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,10 часот.

Со седницата претседаваше господинот Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ги повикувам колегите пратеници последен пат да влезат

во салата и оние што се во салата да ги пополнат ливчињата за нивното присуство.

Колеги пратеници, пред да започне седницата за последен пат ве повикувам да влезете во салата.

Барам од вас поголема чуствителност према функцијата која ја обавуваме и обврските да ги исполнуваме онака како што сме ги преземале. Во спротивно, ако и денес не бидете уредни, седницата ќе ја прекинам и ќе се закаже нова по писмен пат.

За последен пат ве повикувам да влезете во салата. Ако бидете неуредни, јас ќе ја прекинам седницата и ќе се закаже нова седница по писмен пат.

Колеги пратеници барам одговорност и поголема дисциплина во работата. Не очекува и наредната седница по однос на уставните промени. Немојте и тогаш да ни се случи иста работа, па да се приговара дека некој не е уреден и не ги исполнува своите обврски.

Избор на теми по одлука на Претседателството на седниците нема да се толерира од секој пратеник посебно тоа да го чини. Сите сме одговорни спрема сите теми. Па така и оваа тема за Референдумот ќе треба да ја сватиме во својата содржина.

Ги молам присутните да ги пополнат ливчињата што се пред нив за присутност во салата.

Вклучете го системот за да го утврдиме минимумот на присутни пратеници во салата.

Ве молам притиснете едно од копчињата за да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата и персонално кој е присутен во салата.

Во салата се присутни вкупно 10 пратеници.

Со оглед на претерано мал број, сега пријавените ќе можат да поднесат сметка за плаќање на надоместок за доаѓање.

Седницата се одлага.

Нова седница ќе биде закажана по писмен пат.

(Седницата прекина во 11,15 часот.)